08-2838/6
14-11-2025

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријави од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по пријава заведена под број 09-2838/1 од 24.10.2025 година, против службеното лице ---------------, член на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, **СЕ ЗАПИРА.**

Поради постоење на потенцијален судир на интереси, ДКСК препорачува службеното лице --------------- да се изземе од постапување и одлучување во однос на кандидатите ------------- и -----------.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија на ден 24.10.2025 година пристигната е пријава заведена под број 09-2838/1 од непознат подносител со наводи за постоење на судир на интереси кај службеното лице -------------, член на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст Комисијата).

Имено, во пријавата е наведено дека на ден 04.09.2025 година е објавен оглас за избор на кандидати за судија на РСМ во Европскиот суд за човекови права во „Службен весник на РСМ" бр. 184/2025. Процесот на селекција и избор на кандидати го спроведувала Комисијата за избор на кандидати во РСМ за судии во Европскиот суд, во полн состав. На 08.10.2025 година од страна на Комисијата е одржана 2 – та седница на која е извршена административна проверка на апликациите во однос на критериумите објавени во

јавниот оглас и по проверката е утврдена листата на апликанти кои ќе продолжат во следната фаза - интервју.

Понатаму, во пријавата се наведува дека во период од 02.09.2025 година па се до 22.10.2025 година пријавеното лице ------------------, во својство на службено лице директор на Академијата за судии и јавни обвинители „ -----------" воедно и член на Комисијата за избор на кандидати на РСМ за судија во Европски суд за човекови права, со искористување на својата службена положба и овластување учествувала во административната селекција на кандидатите меѓу кои бил пријавен и кандидатот ---------, заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители. Исто така, била и утврдена листа на кандидати кои ќе бидат поканети на интервју меѓу кои и горенаведениот кандидат, при што на истата седница пријавеното лице ------------ не се изземала од постапката за избор на кандидати на РСМ за судија во Европски суд за човекови права. Исто така, пријавителот наведува дека со пријавениот кандидат е во состојба на потенцијален судир на интереси, односно како колеги учествувале во вршење на работи во надлежност на Академијата.

Понатаму, на третата седница на Комисијата која се одржала на 20.10.2025 година, знаејќи дека пред Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава за постоење на судир на интереси помеѓу Претседателот на комисијата и еден од кандидатите, без да го сочека постапувањето на ДКСК, продолжила да учествува во втората фаза од процесот на селекција на кандидати и активно учествувала во процесот на интервју на 11 кандидати, меѓу кои бил и кандидатот ------------.

Државната комисија, по поднесената пријава има оформен предмет 09-2838/1 од 24.10.2025 година, и во рамките на таа постапка има прибавено документација поврзана со наводите од пријавата, меѓу која и Записниците од 2 –та и 3 -та седница на Комисијата за избор на кандидати на РСМ за судија во Европскиот суд за човекови права, како и други докази и документација.

Заради утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до службеното лице ---------, член на Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права по што врз основа на добиениот одговор и прибавената документација, го утврди следното:

Видно од доказот во пријавите - Комисијата за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права е формирана со Одлука на Владата на РСМ со бр. 50-7242/5 од 22.07.2025 година во состав од ---------, претседател на

Уставниот суд на РСМ како претседател на Комисијата, ---------, претседател на Врховниот суд на РСМ, -----------, претседател на Кривичниот суд Скопје, --------, претседател на Граѓанскиот суд Скопје и -------------, директор на Академијата за судии и јавни обвинители „ -----", како членови.

Постапката за избор на кандидати на РСМ за судија во Европскиот суд за човекови права е уредена со Деловникот за работа на Комисијата, бр. 08-26010/25-2 од 03.09.2025 година, во кој се содржани одредби за надлежностите на Комисијата, начин на работа, правила за постапката за евалуација, селекција и избор на кандидатите сл.

Од увидот во Записникот од одржаниот втор состанок на Комисијата на ден 08.10.2025 година, е видно дека Комисијата заседавала во полн состав и едногласно констатирала дека од вкупно 20 пристигнати апликации, 11 кандидати ги исполнуват минимум условите предвидени во Јавниот оглас согласно Европската конвенција за човекови права и препораките и стандардите на Советот на Европа и се квалификуваат за следната фаза на постапката интервјуа.

Од добиеното произнесување од службеното лице ------------ како и од прибавената документација Државната комисија констатира дека: --------- е заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители ииститот бил пријавен на првиот оглас за избор на судија во Европскиот суд за човекови права објавен во месец април 2025 година. Во истата Комисија, службеното лице --------- појаснува дека била член и поради исполнување на формалните услови лицето ------ бил повикан на интервју. На огласот објавен во месец септември 2025 година лицето -------- повторно е пријавен на огласот за избор на судија на РСМ во Европскиот суд за човекови права. При доставувањето на документацијата секој од кандидатите меѓу документите доставува и кратка биографија согласно објавениот образец на македонски и англиски јазик. Во неговата кратка биографија јасно е наведена моменталната функција заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители „ ---------- ". При разгледување на сите пријави секој од членовите на Комисијата за избор ја имале кратката биографија во однос на тоа дали се исполнети формалните услови, едногласно од Комисијата било одлучено дека истиот треба да биде повикан на интервју. На денот на спроведувањето на закажаните интервјуа кога била разгледувана претставаката за Претседателот на Комисијата за евентуалниот судир на интереси, таа усно им укажала на членовите дека кандидатот Илир Исени е заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители. При спроведеното интервју кандидатот ---------, ја информирал Комисијата за избор дека моментално ја извршува функцијата заменик директор на Академијата за судии и јавни обвинители. На самото интервју со цел да се обезбеди објективност таа одлучила да не му поставува

прашања на кандиатот --------. Понатаму, во дописот до ДКСК, таа информира дека ниту како член на Комисијата за избор, ниту како директор на Академијата за судии и јавни обвинители нема никаков приватен интерес, ниту роднински релациии што може да влијае на нејзиното непристрасно и објективно постапување и одлучување.

Согласно прибавената документација од страна на Комисијата за избор на кандидати на РСМ за судија во Европскиот суд за човечки права, ДКСК констатира дека помеѓу пријавеното лице ----------, во својство на службено лице директор на Академијата за судии и јавни обвинители „ ---------" воедно и како член на Комисијата за избор на кандидати на РСМ за судија во Европскиот суд за човечки права, и кандидатот ------- постои потенцијален судир на интереси, бидејќи истиот ја врши функцијата член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „-----".

Согласно со член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Со член 75 од истиот Закон е предвидено изземање на службените лица:
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси."

Според член 10 став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители:

„(1) Претседателот на Управниот одбор и неговиот заменик се избираат од редот на судиите и јавните обвинители, членови на Управниот одбор.

Надлежноста на Управниот одбор е пропишана со членот 11 од истиот Закон, каде меѓудругото е наведено дека Управниот одбор :
- избира претседател на Управниот одбор и негов заменик,
- **го именува, утврдува престанок на мандатот и го разрешува директорот и заменикот на директорот,**

- одлучува за времено отстранување од работа на директорот и на заменикот при поведена постапка за разрешување,
- констатира и утврдува престанок и разрешување член и заменик-член на Управниот одбор,

Според член 15 став 3 и 4 од истиот закон:
„(3) Заменикот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен, или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција.
(4) Заменикот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери, а припаѓаат во неговиот делокруг на работни задачи."

Државната комисија, имајќи ги предвид цитираните законски одредби и утврдената фактичка состојба констатира дека во конкретниот случај постои директен и непосреден службен и хиерархиски однос помеѓу службеното лице -----------------, директор на Академијата за судии и јавни обвинители и службените лица ---------, заменик директор и ------, член на Управниот одбор на истата институција. Тој однос подразбира можност за меѓусебно влијание и зависност, а непристрасноста при одлучувањето се нарушува под влијание на меѓузависност на позиции, хиерархија. Постоењето на таквиот однос може да создаде објективно оправдан сомнеж кај јавноста во непристрасноста при постапувањето и одлучувањето.

Согласно наведеното, Државната комисија смета дека во конкретната ситуација постои потенцијален судир на интереси поради што препорачува службеното лице Ирина Трајковска Стрезоски да се изземе од постапување и одлучување во рамки на Комисијата, во однос на кандидатите ---------, --------.

Со изземањето на службеното лице ----------- ќе се избегне било какво влијание, директно или индиректно, врз носењето на одлуката на Комисијата, во согласност со принципите на транспарентност, еднаков третман и јавен интерес.

Државната комисија при одлучувањето особено ценеше дека во конкретниот случај станува збор за постапување на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права, па во таа смисла ги имаше предвид стандардите утврдени низ судската пракса на Европскиот суд за човекови права во поглед на непристрасноста. Имено, според стандардот на објективна непристрасност при одлучувањето утврден од Европскиот суд за човекови права, не е важно дали постои реална докажана пристрасност, туку доволно е да постои можност за оправдан сомнеж во непристрасноста од перспектива на разумен набљудувач.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**
**м-р Цвета Ристовска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработнник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Согласен: Б.Ц. – член на ДКСК